PharmaS®

**Позиција: Асистент за регистрација на лекови, додатоци во исхрана и фармаковигиланца во PharmaS**

За потребите на претставништвото на хрватската фармацевтска компанија PharmaS во Македонија бараме еден (1) **Асистент за регистрација на лекови, додатоци во исхрана и фармаковигиланца** (м/ж), за работа на определено/неопределено време. Од кандидатите се очекува да покажат ентузијазам за понатамошно развивање на бизнис операциите на пазарот и да бидат подготвени за имплементирање на најдобрите практики во сите области на работата.

**<u>Детален опис на задачите:</u>**

**Регистрација на RX производи**

• Подготовка на регистрациски досиеја прилагодени на локалната регулатива на пазарот
• Одржување на RX производите: анализа на првата серија по регистрација, пријавување на варијации, обновување на решенија и останати активности
• Контакт со соодветни регулаторни тела согласно потребите

**Фармаковигиланца**

• Одржување на системот за фармаковигиланца
• Следење и пријавување на појава на несакани дејства
• Спроведување на иницијални едукации и годишна обнова на знаење за фармаковигиланцизација на сите вработени
• Останати активности поврзани со фармаковигиланцата и квалитетот на лековите

**Регистрација на додатоци во исхраната**

• Примање документација и прилагодување според локалната регулатива
• Одобрување на текстови за амбалажа
• Контакт лице со Агенција за храна и ветеринарство
• Одобрување на декларации, спецификации

**Потребни квалификации:**

- Универзитетска диплома VII степен - фармација
- Одлично познавање на MS office пакетот и интернет пребарувачите
- Одлични организациски способности и вештини на планирање
- Одлично познавање и непречена комуникација (писмена/усна) на: Англиски и Хрватски/Српски јазик
- Претходно искуство во работа во регулаторни активности и фармаковигиланца

**Профил на идеалниот кандидат:**

- Место на живеење: Скопје
- Има работно искуство на иста или слична позиција
- Има комуникации со регулаторните тела
- Посветен на работата и реализација на зададените цели
- Добар слушател и комуникативен
- Лојален и дискретен

**Компанијата ќе ви овозможи:**

- Можности за градење на кариерата во успешна мултинационална компанија која брзо расте
- Интересна и динамична работна средина
- Конкурентен паричен надоместок

Доколку сте заинтересирани да станете дел од нашиот тим и ги исполнувате горенаведените услови потребно е да испратите резиме на македонски и на англиски јазик (кратка биографија) со фотографија, мотивациононо писмо како и уверение за завршено соодветно образование, најдоцна до 15.04.2023 година на е-маил: office@pharmas.mk

Ве молиме без телефонски јавувања.